Димитар ДИМЕСКИ

# ИЛИНДЕНСКИТЕ ЖРТВИ НА с. ЦАПАРИ, БИТОЛСКО (1903 г.)

Името на с. Цапари (Битолско) е вклесано во крвавиот македонски илинденски мозаик.

Иако с. Цапари релативно доцна се вклучило во Македонската револуционерна организација (МРО)[1]), сепак, тоа цврсто ги пригрлило нејзините идеи.[2]) Оттаму, не случајно цапарските печалбари меѓу првите се одѕвале на повикот на Битолскиот окружен комитет на МРО за враќање во родниот крај поради претстојното востание. Така, бројни цапарски печалбари—ќумурџии

---

[1]) Првиот Местен комитет на МРО во с. Цапари, според Ѓ. Димовски—Цолев, бил формиран во 1898 година со помош на Д. Груев. На чело на Месниот комитет застанал учителот Симон Трајков. (Ѓ. Димовски—Цолев, Придонес на с. Цапари (Битолско) за Илинденската епопеја, сп. Историја, IX/2, 1975, 115—6).

Меѓутоа, С. Трајков во тоа време не бил учител, туку ученик во IV клас во Битолската егзархиска гимназија. Со егзархиски акт бр. 2784/24 август ст. стил 1899 г., С. Трајков, поради учеството во Мајскиот ученички бунт, бил исклучен од Битолската гимназија (Види: Д. Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893—1903) II изд., Скопје, 1982, 293). Според тоа, селски учител во с. Цапари можел да биде назначен најрано во есента 1899 година, а никако во 1898 година!

Со оглед на фактот што Цолев формирањето на селскиот комитет на МРО во Цапари го сврзува за името на С. Трајков и тоа единствено врз база на кажувањето на тогашни современици, сметаме дека формирањето на Месниот комитет на МРО во с. Цапари треба да се помести од 1898 во 1899 година.

[2]) Во целина, с. Цапари ѝ останало верно на МРО. Меѓутоа, ни тоа не било имуно од предавници. Познато е дека во предвечерјето на востанието Сугарев казнил повеќемина предавници во Цапари. Види: Извештај на Аугуст Крал, бр. 87/Битола, 1 август 1903, — Д. Зографски, Извештаи од 1903—1904 година на австриските претставници во Македонија, Скопје, 1955, 59. Cf. Ѓорѓи Димовски—Цолев, Сугарев—раководител на Пелистерскиот реон во Илинденското востание, зб. Илинден 1903 Скопје, 1970, 233.

без никакво колебање го напуштиле Катерино (Солунско) и се нашле во родното село.[3])

Ѓурѓовденските настани од 1903 година го извлекле името на с. Цапари од сенката на историската анонимност.[4]) Судирот кај с. Цапари и Ѓурѓовденскиот масакр во Битола го ажурирале завршувањето на познатиот Смилевски конгрес.[5])

Жртвите што с. Цапари ги поднесе на олтарот на македонската слобода во ѓурѓовденските настани, предвечерјето и текот на Илинденското востание, се, несомнено, големи.[6]) Во својот прилог „Придонес на с. Цапари (Битолско) за Илинденската епопеја" публикуван пред една деценија на страниците на ова списание, Ѓорѓи Димовски—Цолев на мошне ефектен начин, врз база на искази на современици и постојните надгробни плочи, мошне успешно ги рекогносцирал имињата на 85 цапарски жртви со точна назнака на настаните што ги однеле споменатите жртви. Тоа се жртви паднати во судирите со турскиот аскер, како и жртви на османскиот и андартскиот терор.[7])

Со цел да се добие покомплетна претстава за цапарските илинденски жртви, предаваме список на 126 лица што ги положиле своите животи во овој бурен илинденски период од нашата понова историја:[8])

---

[3]) Од Катерино се вратиле 60 вооружени цапарчани.

(Д. Димески, Ѓурѓовденскиот масакр во Битола, 1903, сп. Историја, VII/2, 1971, 147, ф. 36).

Cf. М. Пандевски, Илинденското востание во Македонија, 74—75, 157.

Меѓутоа, потребно е да се истакне дека цапарчани почнале да се враќаат нешто порано и од др. места, како на пр. од Цариград, каде што работеле како градинари и сл. (Извештај на М. Г. Ристиќ, ПП бр. 156/Битољ, 25 фебруара 1903, — Љ. Лапе, Извештаи од 1903 година на српските консули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, Скопје, 1954, 139).

[4]) Во судирот кај с. Цапари на 6 мај 1903 година загинале 13 селани, од кои 11 мажи и 1 жена потекнувале од Цапари. Цолев ги наведува имињата на сите 13 жртви (Г. Димовски—Цолев, Придонес на с. Цапари., 117).

Покрај тоа, 74 селани биле фатени, ужасно малтретирани и одведени во битолскиот затвор. (Д. Димески, Ѓурѓовденскиот масакр., 147). Од нив, 10 души биле осудени на робија и одведени во Дијар Бекир. Според Цолев, шестмина таму ги оставиле коските. (Г. Димовски—Цолев, Придонес на с. Цапари . . ., 117).

[5]) Поопширно види:

Д. Димевски, Ѓурѓовденскиот масакр. . ., 151—152.

[6]) Според непотврден податок, цапарчани дале повеќе од 150 жртви, веројатно во поширок временски интервал.

Cf. Ново дружество, Илюстрация Илиндenъ, XVI/2 (132), София, февруарий 1942, 15.

[7]) Ѓорѓи Димовски—Цолев, Придонес на с. Цапари (Битолско) за „Илинденската епопеја", сп. Историја, XI/2, 1975, 115—120.

[8]) Списъкъ на избититѣ лица по време на Илинденското възстание въ с. Цапари—Битолска околия, Илюстрация Илинденъ, XIV/2 (132), София, февруарий 1942, 15.

1. Саздан К. Сазданов[9])
2. Стоил К. Сазданов[10])
3. Ацко Димев[11])
4. Трајчо Дилев
5. Рисин Дилев
6. Гошо Кашанчето[12])
7. Станко Кочов[13])
9. Тодор Булев [14])
9. Михаил Т. Булев[15])
10. Спиро К. Сазданов[16])
11. Спирејца Танчева[17])
12. Апастол Зениев
13. Темелко Зениев[18])
14. Иван Зениев
15. Трајчо К. Зенгов
16. Симон Г. Трајков, учител[19])
17. Христо Н. Иванов, шивач
18. Христо В. Сазданов[20])

---

[10]) Кај Цолев се споменува под името Стојче Созданов.
Загинал на Ѓурѓовден. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 117).

[11]) Кај Цолев фигурира како Аце Димев.
Загинал на Ѓурѓовден. (Г. Димовски—Цолев, Idem, 117).

[12]) Кај Цолев се споменува како Гоше Кажанчето. Според Цолев, Гоше потекнува од с. Кажани, а не од Цапари. Загинал на Ѓурѓовден.
(Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 117).

[13]) Кај Цолев фигурира како Станко Кочов Каткаров.
Загина на Ѓуровден. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 117).

[14]) Според Цолев, загинал на Ѓурѓовден. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 117).

[15]) Кај Цолев се споменува под името Мијал (Мише) Булев. Син на Т. Булев.
Загинаа на Ѓурѓовден. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 117).

[16]) Кај Цолев фигурира како Спире Сазданов.
Загинала на Ѓурѓовден. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 117).

[17]) Кај Цолев се споменува Софка (Цоца) Танчева. Веројатно станува збор за иста личност.
Загинал на Ѓурѓовден. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 117).

[18]) Кај Цолев фигурираат како Апостол и Темелко Зенгови. Загинале на Ѓурѓовден. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 117).
Не можевме да утврдиме дали станува збор за исти или различни личности.· Дилемата се продлабочува и поради тоа што покрај презимето Зениеви, се споменуваат и личности со презимето Зенгови. (Списькъ на избититѣ лица.., 15).

[19]) С. Трајков загинал во предвечерјето на востанието. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 118).

[20]) Кај Цолев фигурира како Ристе Сазданов.
Загинал во предвечерјето на востанието.
(Г. Димовски—Цолев, Idem, 118).

19. Петар Зенгов[21])
20. Ване К. Кукулев[22])
21. Ацко Војводата[23])
22. Иван Г. Китанов, војвода
23. Марко Т. Китанов
24. Вангел К. Велов[24])
25. Христо Т. Ташков[25])
26. Васил И. Иванов
27. Лазар И. Иванов[26])
28. Иван Иванов
29. Марко Ласков[27])
30. Михаил Дуичинов
31. Георги Р. Дилев
32. Петар Р. Дилев[28])
33. Ташко Р. Дилев[29])
34. Наум Гиков
35. Марко Гиков[30])
36. Димитар Лушоков
37. Христо Д. Бочваров[31])

---

21) П. Зенгов загинал во последната илинденска борба што се одиграла во цапарскиот синор. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 119).

22) Кај Цолев фигурира како Ване Кукулов. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 120).

23) Кај Цолев се споменува како Ацко Трајков, р. од с. Базерник.

Загинал во последната илинденска цапарска борба.

(Ѓ. Димовски—Цолев, Придонес на с. Цапари.., 118; Ѓ. Димовски—Цолев, Сугарев—раководител на Пелистерскиот реон во Илинденското востание, зб. Илинден 1903, Скопје, 1970, 236—237).

24) Загинал во последната илинденска борба што се одиграла во цапарскиот синор. (Ѓ. Димовски—Цолев, Придонес на Цапари.., 118).

25) Кај Цолев се споменува Ристе Трајанов Тошаков. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 119).

Можно е да станува збор за иста личност.

26) Кај Цолев фигурираат Васил Јончев и Лазе Јончев Иванини. (Ѓ. Димовски —Цолев, Idem, 118—119).

Не е исклучена можноста под презимињата Иванови и Иванини да се кријат исти личности.

27) Загинал во последната цапарска илинденска борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

28) Ѓорѓи и Петре Дилеви загинале во последната цапарска илинденска борба. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 118—119).

29) Ташко Дилев загинал на Ѓурѓовден. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 117).

30) Наум и Марко Гикови загинале во последната борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

31) Кај Цолев фигурира како Ристе Дон. Бечваров.

Загинал во последната илинд. цапарска борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119)

38. Коста Р. Наумчев[32])
39. Христо С. Ачев[33])
40. Лазар Димит. Станин[34])
41. Петар Ванев[35])
42. Христо Најдов[36])
43. Наум Трајков
44. Ташко Трајков
45. Коле Трајков[37])
46. Спиро Шишканов[38])
47. Стефан Кузев[39])
48. Наум Т. Нечаков[40])
49. Илија Шепенгулиев[41])
50. Наум Јамандилов[42])
51. Стојчо Мицаков[43])
52. Лазар Дамески
53. Митре Дамески[44])
54. Наум Н. Ангелков[45])
55. Коле Р. Кукулов
56. Спиро И. Каранфилов[46])
57. Апостол Тноков[47])

---

[32])Кај Цолев се споменува како Косте Наумчев. Загинал во последната илинд. цапарска борба. (Ѓ. Димовски, Цолев, Idem, 119).

[33]) Кај Цолев фигурира како Ристе Ачев.

Загинал во последната илинденска цапарска борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

[34]) Кај Цолев се споменува како Лазе Митрев Станин.
Загинал во последната борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

[35]) Цолев го споменува како Петре Ванев Велојчин.
Загинал во последната борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

[36]) Кај Цолев се споменува како Ристе Најдов Калинин.
Загинал во последната борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

[37]) Наум, Ташко и Коле Трајкови загинале во последната илинденска цапарска борба. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 119).

[38]) Кај Цолев фигурира како Спире Шиканов. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119). Очигледно, станува збор за иста личност.

[39]) Кај Цолев се споменува како Стефан Кузев Нечаков. Загинал во последната борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

[40]) Загинал во последната борба. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 119).

[41]) Кај Цолев фигурира како Илија Шепентулев.
Загинал во последната борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

[42]) Загинал во последната цапарска илинденска борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

[43]) Загинал во последната борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

[44]) Меѓутоа, кај Цолев фигурираат како Лазе и Митре Дамевски.

Загинале во последната илинденска цапарска борба. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 119).

[45]) Загинал во последната борба (Ѓ. Д. Цолев, Idem 119).

[46]) Ibidem.

[47]) И Тноков загинал во последната борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 118).

7*

58. Иван Симеонов
59. Вангел Танчев
60. Коле Танчев[48])
61. Најдо Г. Ичков[49])
62. Тасе Дончев[50])
63. Ангеле Колин, мајстор[51])
64. Стојчо Ш. Крстев[52])
65. Лизар Ив. Илинкин[53])
66. Михаил Гондев[54])
67. Најдо Абетков[55])
68. Димитар Петров[56])
69. Трајче Г. Прков
70. Коле Г. Прков[57])
71. Лазар Г. Илков
72. Петар Т. Тончев
73. Ване Т. Дупенов
74. Петар Т. Дупенов[58])
75. Вангел Т. Капинков
76. Михаил Т. Капинков[59])
77. Наум Г. Дурџанов[60])
78. Лазар К. Кукулов

---

[48]) Вангел и Коле Танчеви загинале во последната борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 118—119).

[49]) Кај Цолев се споменува Најдо Илков. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119). Веројатно се работи за иста личност.

[50]) Кај Цолев се споменува под презимето Дончев. Загинал во последната борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

[51]) Кај Цолев фигурира како Ангеле Калинин—Мајсторчето. Загинал во послената борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 118). Евидентно, станува збор за иста личност.

[52]) Кај Цолев се споменува како Стојче Р. Крстев. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119). Веројатно, се работи за иста личност.

[53]) Загинал во последната борба. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 119).

[54]) Кај Цолев се споменува под името Мијал. Загинал во последната борба. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 118).

[55]) Кај Цолев фигурира како поп Ставре Најдов—Обетков. Загинал во предвечерјето на востанието. (Ѓ. Цолев, Idem, 118).

[56]) Кај Цолев се споменува како поп Димитар Петров Грозданов. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 120).

[57]) Кај Цолев се споменуваат како Трајче и Коле Прќеви. Паднале како жртви на андартски терор. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 120).

[58]) Меѓутоа, кај Цолев фигурираат како Ване и Петре Дупешови. Станале жртви на андартски терор. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 120).

[59]) Кај Цолев се споменуваат како Вангел и Мијал Капинкови. Станале жртви на андартски терор. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 120).

[60]) Меѓутоа, кај Цолев се споменува под презимето Дуртанов. Станал жртва на андартите. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 120).

79. Филип Кукулов[61])
80. Спире Мишев[62])
81. Симон Трајков[63])
82. Трпе Станинов[64])
83. Ангел Аламантов
84. Мице Велов
85. Гошо Велов
86. Петар Трајков
87. Васил Трајков
88. Јонче Сазданов
89. Стојче Миов
90. Штерјо Порков
91. Иван Порков
92. Ставре Мукев
93. Лазар Дурџанов
94. Михаил С. Мукев
95. Јонко Бочваров[65])
96. Христо Порков[66])
97. Спиро Бочваров[67])
98. Толе Капинков[68])
99. Јонче Улавче[69])
100. Христо Наумчев[70])
101. Насе Н. Гечев[71])
102. Петар Порков[72])
103. Васил Керемечев[73])

---

[61]) Според Цолев, Лазе и Филип Кукулов станале жртви на андартски терор.
(Ѓ. Димовски Цолев, Idem, 120).

[62]) Жртва на андартски терор. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 120).

[63]) Кај Цолев фигурира како Симче Трајков. Бил жртва на андартски терор
(Ѓ. Д. Цолев, Idem, 120).

[64]) Кај Цолев се споменува како Трпе Станин.
Станал жртва на андартски терор. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 120).

[65]) Кај Цолев се споменува како Јанко Бечваров. Жртва на османски терор. Ги оставил коските во Дијар Бекир. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 117).

[66]) Жртва на османскиот терор. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 117).

[67]) Кај Цолев: Спире Бечваров. Жртва на османски терор. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 117).

[68]) Жртва на османскиот терор. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 117).

[69]) Ibidem.

[70]) Ibid.

[71]) Меѓутоа, според Цолев, Насе Гечев бил амнестиран во доба на Хуриетот и жив се вратил од Дијар Бекир. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 117).
За жал, не сме во можност да ја потврдиме точноста на споменатиот податок.

[72]) Жртва на андартски терор. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 120).

[73]) Меѓутоа, кај Цолев фигурира како Васил Керемелев.
Жртва на андартски терор. (Ѓ. Д. Цолев, Idem, 120).

104. Апостол Дуртанов
105. Петар Н. Дупинов
106. Никола Кузев
107. Иван Илинкен
108. Пеша В. Пркева
109. Ристена К. Шопова
110. Стефанка К. Сазданова
111. Александра И. Сазданова
112. Таса К. Менкина[74])
113. Илија Ив. Сазданов
114. Тодор Д. Настав
115. Иван Д. Настав
116. Лазар П. Каранфилов
117. Симон П. Елинин
118. Никола К. Шопов
119. Наум Д. Куликонов
120. Танас Р. Вотичов
121. Коста Н. Гечев
122. Филип С. Ачев
123. Димитар Петков[75])
124. Јонко Томов
125. Анастас Зајков
126. Вангел Д. Стаменов[76])

Во споменатиов список, според постојните податоци, само две лица не потекнуваат од с. Цапари[77]) Доколку условно се прифати идентичноста на спорните личности, списокот на цапарските жртви би требало да се дополни уште со следниве лица утврдени од Цолев: 1. Јоне Зенгов; 2. Ристе Јовев; 3. Јоне Гошев Китанов; 4. Јоне Симонов Чурлев; 5. Мијал Дупешов; 6. Марко Китинов; 7. Стојче Ристев Шетков; 8. Петре Дојкин и 9. Петре Кукулов.[78]) Според тоа, бројката на идентификуваните цапарски жртви би се свела на 133 лица.

Со своите 170 илинденски борци[79]) и бројните жртви, с. Цапари чини нераскинлива алка во синџирот на македонската илинденска револуција. Тоа мошне скапо го плати крвавиот данок на своите копнежи за слобода и подобар живот.

---

[74]) Иако не постои директен податок можна е претпоставката дека жените станале жртви на османскиот терор.

[75]) Кај Цолев се споменува Димитар Василов. Загинал во последната илинденска борба што се одиграла во цапарскиот синор. (Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 119).

Можно е да станува збор за иста личност.

[76])Списъкъ на избититѣ лица по време на Илинденското възстание въ с. Цапари—Битолска околия, Ил. Илинденъ, XIV/2 (132), 1942, 15.

[77]) Тоа биле: Гоше Кашанчето и Ацко (Трајков) Војводата.

[78]) Ѓ. Димовски—Цолев, Придонес на с. Цапари (Битолско) за „Илинденската епопеја", Сп. Историја, XI/2, Скопје, 1975, 117—120.

[79]) Cf. Ѓ. Димовски—Цолев, Idem, 118.

Dimitar DIMESKI

# THE ILINDEN VICTIMS FROM THE VILLAGE OF CAPARI NEAR BITOLA (1903)


## Summary

The name of Capari is chiseled in the Macedonian mosaic in blood.

The victims that the village of Capari has given in front of the olter of the Macedonian freedom in the St. George's Day (Gjurgjovden) events, the eve and course of the Ilinden Uprising, are, with no doubt, big. 133 Capari's victims have been identified in this article.

With its 170 Ilinden fighters and the numerous victims, the village of Capari makes an uninterrupted iron ring in the chain of the Macedonian Ilinden Revolution. It paid with blood the taxes of its hopes for freedom and better life.